**20210630968**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 25 став (2) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

# ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА 2021 ГОДИНА

I. Со оваа програма се пропишуваат подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2021 година, и тоа:

**1. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем**

**1.1 Знаења за наставниот предмет**

- Нови научни сознанија и унапредување на наставата по математичката научна област, практична примена и примери на добра пракса,
- Нови научни сознанија и унапредување на наставата по информатичката научна област, дигиталната писменост, практична примена и примери на добра пракса,
- Нови научни сознанија и унапредување на наставата по лингвистичката научна област, практична примена и примери на добра пракса,
- Нови научни сознанија и унапредување на наставата по природната научна област, практична примена и примери на добра пракса,
- Нови научни сознанија и унапредување на наставата по општествената научна област, практична примена и примери на добра пракса,
- Нови научни сознанија и унапредување на наставата по технологија и технолошките процеси, претприемништво и иновации и практична примена и примери на добра пракса,
- Нови научни сознанија и унапредување на наставата по уметностите, практична примена и примери на добра пракса,
- Нови научни сознанија и унапредување на наставата по странските јазици, практична примена и примери на добра пракса и
- Нови научни сознанија и унапредување на наставата по физичкото и здравствено образование/спорт и спортски активности, практична примена и примери на добра пракса.

**1.2 Знаења за воспитно-образовниот систем**

- Видови екстерни оценувања и примена на резултатите (национални оценувања),
- Интернационални тестирања што се реализирале во Република Северна Македонија, примери на задачи и методологија на оценување Меѓународна студија за напредокот во читање со разбирање (ПИРЛС), Меѓународна програма за оценување на ученици (ПИСА), Меѓународна студија за трендовите во знаењата и способностите на учениците по математика и природна група предмети (ТИМСС) и сл.,
- Трендови на промените на образовни системи во Европа и светот,
- Учење на далечина: интернет-апликации и платформи за учење,
- Воспитание во современ контекст, каков систем на вредности треба да промовира,
- Интернет- култура и современите образовни системи,
- Карактеристики на демократско училиште,
- Наставникот во современата училница во современите образовни системи,

- Системи на обезбедување на квалитет во предуниверзитетското образование,
- Самовреднување и надворешно вреднување на квалитетот на образованиот процес, и услови за учење,
- Влијанието на глобализацијата на современите образовни системи, учениците и глобализацијата и
- Зошто е потребна инклузија во образованието.

**2. Поучување и учење**

**2.1 Планирање и подготовка на наставата**

- Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост,
- Планирање и подготовка на час со примена на електронски дидактички материјали во наставата и користење на информатичко-компјутерска технологија,
- Планирањето на наставата (што треба да биде во фокусот на планирањето на часот, како до „погодна/содветна за учење училница“ – разновидност во пристапи, видеоматеријали, тип презентации и сл.),
- Планирање базирано на резултати од формативно оценување на учениците и
- Обука за медиумска писменост на наставниците во процесот на планирање (препознавање точни извори, лажни или неточни податоци, стереотипи и прекршување авторско право, приватност, проверка на факти, разбирање на медиумскиот систем, креирање кредибилни и со факти поткрепени содржини и сл.).

**2.2 Реализација на наставата**

- Примена на иновативни и интерактивни дидактички стратегии и онлајн алатки во современата настава,
- Настава базирана на проблемски пристап,
- Проектен менаџмент во реализација на наставните содржини – организација, делегирање надлежности, компаративни техники,
- Учење преку истражување, игра, работа на проект, решавање проблеми, учење преку работа и сл.,
- Наставни техники кои го поттикнуваат критичкото мислење кај учениците,
- Стратегии за учење и стекнување вештини (читање со разбирање , критичко мислење, креирање производи/творби/иновативни решенија),
- Метакогнитивни техники, поставување цели за учење, самонасочено учење и
- Просторот во функција на наставата.

**2.3 Оценување на учениците**

- Дизајнирање и спроведување на објективни тестови на знаење во основните и средните училиште во функција на оценување на учениците,
- Ефективни методи и техники за дијагностичко оценување, формативно оценување, сумативно оценување, самооценување и врсничко оценување, оценување во рамките на учење од далечина,
- Следење, вреднување и оценување, давање повратна информација и охрабрување на ученикот за неговиот напредок и
- Посебни аспекти за оценување според индивидуален образовен план.

**2.4 Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби**

- Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и сл.),

- Ментално здравје и психологија на детето,
- Пубертет и адолесценција - психологија на адолесцентот (препознавање на потребите и емоциите),
- Педагошка комуникација, стратегии за ефективна комуникација во паралелката и
- Работа со ученици за поттикнување на учењето и развивање вештини за зголемување на сопствениот личен развој.

**3. Создавање стимулативна средина за учење**

**3.1. Создавање безбедна и стимулативна средина за учење**

- Справување со врсничкото насилство, кибернасилство,
- Разрешување конфликти и стратегии за спречување на рано напуштање на училиштето и
- Создавање услови за поттикнување внатрешна мотивација за постигнување, автономија во учењето.

**3.2 Училишна клима**

- Стратегии за менаџмент во училница - принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница,
- Разрешување конфликти во училиштето (на ниво на колектив, меѓу наставниците),
- Развивање на емпатичност и врсничко туторство,
- Развивање на социоемоционални вештини,
- Мутликулурност, недискриминација и еднакви можности,
- Развивање кодекс на однесување и
- Демократско донесување одлуки во училиштето.

4. Социјална и образовна инклузија

- Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици,
- Стратегии, методи и техники на работа во инклузивна училница со практичен пристап во работата со ученици со посебни образовни потреби и
- Работа со ученици од социјално загрозени семејства, создавање услови за нивна вклученост и вклученост на семејствата, обезбедување на предуслови за задржување во настава.

5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата

- Ефективна соработка со родителите и локалните заедници, општините, асоцијацијата на работодавачи и поединечни работодавачи, граѓански организации/активисти и други социјални партнери и
- Отворено училиште – модели (форми на здружување, креирање клубови, форми на соработка со локални центри, начини на соработка).

6. Професионален развој и професионална соработка

- Планирање на професионалниот развој на наставниците на ниво на наставник и на ниво на училиште во основните и средните училишта и
- Професионална соработка на наставниците (на ниво на стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.).

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-4897/1
16 март 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.